**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-136/1**

**Скопје, 24.01.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА РАДОВИШ**

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Радовиш за 2004 година, кои се прикажани на страните од 6 до 7 .

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на Општина Радовиш за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од :

- проф.д-р Ристе Кукутанов, градоначалник на општина Радовиш, од 01.01.2004 година до 31.12.2004 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 5 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 25.10. до 04.11.2005 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Лилјана Стојанова, помошник на ГДР и овластен државен ревизор
- Катица Николовска, ревизор
- Билјана Сурлевска, ревизор,
- Бљерта Селмани, помлад ревизор .

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат

финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на актите**

10.1.1. Не е извршено усогласување на актите за организација и работа и акти за систематизација на работните места согласно членовите 91 и 94 од Законот за локална самоуправа (Сл весник на РМ 5/2002), во законски утврдените рокови. Неусогласувањето на актите во законски утврдените рокови го нарушува принципот на законско работење на единицата на локалната самоуправа и придонесува да не може да се изврши пополнување на оптималните работни места неопходни за извршување на работите и задачите.
**Препорака:**
Ревизијата не дава препорака по овој наод од причина што усогласувањата се направени во 2005 година.

10.1.2. Спротивно на Програмата за уредување на градежно земјиште и локални патишта во Општина Радовиш за 2004 година со која е регулирано плаќање на надоместот за уредување на градежно земјиште на одложено плаќање ( на12 рати) со обезбедување со граѓански чекови или хипотека на недвижен имот, по ниту еден од договорите за 2004 година не е обезбедена соодветната гаранција на побарувањата по овој основ. Непочитувањето на Програмата за уредување на градежно земјиште и локални патишта и ваквиот начин на работење доведува до неможност за наплата на побарувањата во утврдените рокови.
**Препорака:**
Надлежното одделение да ги почитува интерните акти во делот на обезбедување и наплата на побарувањата по основ на надомест за уредување на градежно земјиште.

**10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.2.1. Спротивно на одредбите од Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, не е извршен попис на побарувањата од правни и физички лица по основ побарувања за надомест за уредување на градежно земјиште со состојба на ден 31.12.2004 година.

Неизвршувањето на пописот значи неутврдување на реалната состојба на побарувањата, следење на доспеаноста на истите и преземање мерки за наплата. Ова укажува на недоволната кординација и соработка помеѓу комисијата за попис и службата за сметководство, како и нецелосно извршување на задачите утврдени со решението за вршење на попис од страна на Комисијата за попис .

**Препорака:**
Да се врши попис на побарувањата по основ на надомест за уредување на градежно земјиште, согласно Правилникот за сметководство на буџетите и буџетските корисници

10.2.2.Од сметката на буџетот извршени се директни исплати спротивно на член 4-е од Законот за буџети и тоа по следниве основи:

- 53 илјади денари по основ на дотации кон спортски клубови, и
- 1 илјади денари во корист на сметката на ООССМ при општина Радовиш.

Овој начин на исплата е практикувана форма и се должи на долгогодишна усталена пракса без да се имаат во предвид законските одредби. Ваквиот начин доведува до нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Сметката на буџетот треба да се користи како извор за финансирање само на потребите на Органот, од каде понатаму треба да се вршат сите исплати кон останатите корисници и добавувачи.

## 10.3. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

10.3.1. Спротивно на член 36 од Законот за буџетите, паричните средства од сметката на Органот кои се на располагање на сметката и во благајната на ден 31.12.2004 година не се вратени на сметката на буџетот. Поради тоа извршено е потценување на ставката Трансфери од други нивоа на власт во износ од 19 илјади денари, за кој износ е потценет вишокот на приходи. Непренесувањето на остварениот вишок на приходи од сметката на Органот на сметката на Буџетот придонесува за нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**
Да се почитуваат одредбите од Законот за буџет и непотрешените средства на сметката на Органот на 31.12. да се вратат во Буџетот, и истите да се планираат со новиот буџетски документ.

10.3.2. Промените во сметководството во Буџетот на Општина Радовиш се евидентираат со примена и на паричниот и на пресметковниот принцип на евидентирање на промените. Комбинираното евидентирање на промените е во спротивност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, во однос на искажувањето на истите согласно паричното начело при нивното евидентирање. Неприменувањето на принципот на парично искажување на сметководствените промени доведува до нереални финансиски извештаи.
Поради ова, извршено е преценување на Вкупните приходи и вкупните расходи во износ од 10.897 илјади денари. Преценувањето на овие ставки произлегува од:

- неосновано евидентираните приходи и расходи во износ од 503 илјади денари од Фондот за уредување на градежно земјиште и локални патишта искажани во годишната сметка од 31 јануари 2004 година т.е. со неговото укинување и
- евидентирањето на компензациии и цесии во износ од 10,394 илјади денари помеѓу Општина Радовиш и добавувачите за подмирување на обврските по проектите кои се реализираат во општината во текот на 2004 годината, а кои не се реализирани преку сметката на буџетот.

**Препорака:**
Да се почитува буџетскиот принцип на искажување на приходите и расходите, согласно Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници.

10.3.3. Состојбата на ставката Трансфери од други нивоа на власт во делот на подставката Вишок на приходи е нереално утврдена и искажана. Ова е резултат на непочитувањето на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и непримена на принципот на парично искажување на промените. Разликата меѓу евидентраните расходи и остварените приходи, која разлика е искажана како вишок на приходи над расходи, не е усогласен со состојбата на паричните средства на сметката на 31.12.2004 година.
Поради тоа извршено е потценување на ставката Вишок на приходи за износот од 130 илјади денари за кој износ е потценета ставката Пасивни временски разграничувања.
**Препорака:**
Принципот на парично евиденитрање на промените подразбира кореспондентност на состојбата на сметката на 31 декември со остварениот вишок на приходи над расходи.

**10. 4. Неправилности во искажувањето на билансот на состојба**

10.4.1. Во сметководствената евиденција на Општина Радовиш не е извршено разграничување и превземање на состојбите искажани во Билансот на состојба од 31 Јануари 2004 година од Фондот по неговото укинување, што е спротивно на Законот за локална самоуправа и Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници. Поради тоа во Биласот на состојба и кај Буџетот и кај Органот на Општина Радовиш нереално се искажани одредени позиции. Непреземените состојби се следните:

- Побарувања во износ од 7,483 илјади денари;
- Краткорочни кредити и позајмици во износ од 316 илјади денари;
- Активни временски разграничувања во износ од 1,332 илјади денари;
- Материјални средства во подготовка во износ од 6,153 илјади денари;
- Обврски по долгорочни кредити и заеми во износ од 8,416 илјади денари;
- Краткорочни обврски спрема добавувачи во износ до 1,746 илјади денари;
- Краткорочни обврски за даноци и придонеси во износ од 3 илјади денари;
- Други краткорочни обврски во износ од 316 илјади денари;
- Други обврски во меѓусебните односи со Буџетот во износ од 153 илјади денари;
- Пасивни временски разграничувања во износ од 4,090 илјади денари.

**Препорака:**
Службата за сметководство да изврши разграничување на билансните позиции по припадност на сметките на Буџетот и Органот, и истите да ги усогласи и евидентира во соодветната евиденција.

10.4.2. Ревизијата се оградува од реалноста на искажаните состојби на ставките Побарувања од граѓани и Пасивни временски разграничувања во износ од 6,523 илјади денари од следниве причини:

- Не е извршен попис на побарувањата по основ на неплатен надомест за комунално уредување со годишниот попис од 31.12.2004 година
- Овие побарувања потекнуваат од Фондот за уредување на градежно земјиште и локални патишта каде што се вршела наплата на побарувањата за комунално уредување на градежно земјиште од физички и правни лица, но без да има воспоставено аналитичка евиденција на истите;
- Состојбата на побарувањата искажана во Биланост на состојба на ден 31.01.2004 година од Фондот по неговото укинување, не е превземена во целост во евиденцијата на сметката на буџетот на општина Радовиш;
- Пред завршувањето на финансиската 2004 година, на сметката Побарувања од граѓани извршено е евидентирање на износот 6,523 илјади денари за кои промени нема пропратна документација (фактури, договори, налози) или спецификација од кои може да се види основот, старосната структура на овие побарувања со што истовремено би се потврдила нивната реалност.

Од увидот во приложенита документација ревизијата утврди дека побарувањата по основ на ненаплатени комуналии изнесуваат 6,193 илјади денари и тоа:

- 1,916 илјади денари по основ на договори склучени со физички лица на кои им се доставени фактури за неплатени комуналии за легализирање на дивоградби во населба Коџа Баир кои потекнуваат од 1997, 1998 и 1999 година и
- 4,277 илјади денари по основ на договори склучени со физички и правни лица на кои им се доставени фактури за неплатени комуналии, а кои потекнуваат од 1995, 1996, 1998, 1999, 2000, 2003 и 2004 година.

Имајќи го во предвид рокот за наплата на овие побарувања, надлежното одделение во општина Радовиш, во месец април 2004 година до сите должници доставило последна опомена пред тужба, но до денот на вршење на ревизијата се уште не беа превземени мерки за нивно утужување.

**Препорака:**

Надлежното одделение под хитно да преземе мерки за наплата на доспеаните побарувања по основ на комуналии согласно позитивните законски одредби.

10.4.3. Ревизијата се оградува од реалноста на искажаните состојби на ставките Побарување за дадени аванси, депозити и кауции и Примени аванси, депозити и кауции во износ од 130 илјади денари , кои произлегуваат од меѓусебните односи на Буџетот и Фондот по основ на дадени и примени позајмици во минати години, за кои нема донесено одлука или решение, спротивно на Законот за буџетите. Со укинувањето на Фондот не е извршено регулирање на меѓусебните односи на Буџетот и Фондот кое придонесува за нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Ревизијата препорачува надлежната служба да ги утврди основите на овие меѓусебни односи и да изготви предлог за нивно усогласување со оглед на фактот што Фондот не постои а Советот да донесе соодветни одлуки за регулирање на овие меѓусебни односи.

11. Вкупниот ефект од изнесените наоди во точката 10.3. е потценување на приходите и потценување на вишокот на приходи над расходи во вкупен износ од 149 илјади денари во Билансот на приходи и расходи за 2004 година.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точките 10.3. и 10.4. финансиските извештаи не ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Радовиш на ден 31 Декември 2004 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење освен за изнесеното во точката 10.3. кај Буџетот на општина Радовиш е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2004 година.

14. Во врска со Конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Радовиш за 1999 година ревизијата утврди дека за наодите изнесени во точката 10.7. од страна на субјектот не се преземени мерки за отстранување на наведените слабости и неправилности.

**Скопје, 19.01.2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Лилјана Стојанова**

**БУЏЕТ НА ЕЛС РАДОВИШ**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.3. | 15,089 | 6,538 |
| Неданочни приходи | 3.4. | 6,283 | 2,400 |
| Капитални приходи | 3.5. | 174 | 0 |
| Трансфери и донации | 3.6. | 8,359 | 7,567 |
| **Вкупно приходи** | | **29,905** | **16,505** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.1.1. | 6,865 | 9,427 |
| Стоки и други услуги | 3.1.2. | 7,025 | 3,382 |
| Тековни трансфери | 3.1.3. | 3,471 | 3,030 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **17,361** | **15,839** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.2.1. | 12,484 | 52 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **12,484** | **52** |
| **Вкупно расходи** | | **29,845** | **15,891** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **60** | **614** |

**БУЏЕТ НА ЕЛС РАДОВИШ**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2004 | 2003 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 190 | 577 |
| Побарувања | 4.1.2. | 6,522 | 0 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | | 0 | 166 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6,712** | **743** |
| **Вкупна актива** | | **6,712** | **743** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.2.1. | 130 | 130 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 6,582 | 613 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **6,712** | **743** |
| **Вкупна пасива** | | **6,712** | **743** |